**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на дел II, област В, мерка 1 од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, (Службен весник на Република Македонија 192/2016) Министерството за економија

**Објавува**
**ЈАВЕН ПОВИК**
**за поддршка и развој на кластерското здружување во Република Македонија**

I

Предмет на Јавниот повик е доделување финасиски средства од страна на Министерството за економија за финансирање на кластерското здружување, во согласност со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017, дел II, област В, мерка 1 (Службен весник на Република Македонија 192/2016) во износ од 1.600.000 денари.

II

На Јавниот повик може да се пријават сите регистрирани кластерски здруженија (стопански комори, организации на работодавачи, невладини организации и фондации, организирани по принципот на кластеринг). Министерството за економија ќе ги финансира проектите на кластерските здруженија кои опфаќаат активности поврзани со изготвување на проекти насочени кон:

- поврзување на кластерите со универзитетите,
- развој на иновативни и брендирани производи,
- интернационализација на кластерските здруженија, преку организирање на меѓународни настани за вмрежување,
- стратегии за кластерски базиран економски развој,
- развивање на стандарди за квалитет и прилагодување со барањата на ЕУ-пазарите,

- организирање на обуки,
- промотивни активности,
- размена на искуства.

III

Барањето за доделување на средствата треба да се достави на пропишан образец со попратна документација, по пошта или директно во архивата на Министеството за економија. Во прилог на барањето, корисникот на средствата треба да ја достави следнава документација:

1. Потполнет образец - Барање (Кластери 2017)
2. Решение за регистрација или тековна состојба од Централен регистар (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот не постаро од шест месеци)
3. План и програма за користење на средствата (проект)
4. Уплатници од - 50,00 и 250,00 денари (за административни такси)
5. Изјава за доделена државна помош на кластерот

IV

Проектите ќе се оценуваат и рангираат согласно следниве критериуми:

| **Критериуми** | **Бодови** |
|---|---|
| Искуство на подносителот на предлог проектот (докази за капацитетот на тимот вклучен во реализацијата на проектот. CV, референтни листи) | 10 |
| Вмрежување на кластерските здруженија со универзитетите и научните институции во земјата и странство за реализација на проектот | 20 |
| Оригиналност на проектот (да немало ист или сличен проект во земјата, во планскиот регион или кај самиот апликант, мултипикативност на ефектот на проектот) | 30 |
| Позитивни ефекти од проектот кај што поголем број на крајни корисници во регионот, релативна економичност на проектот | 40 |
| **ВКУПНО:** | **100** |

V

За активностите од мерката 1 од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување, делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од проектот, но не повеќе од 400.000,00 денари поединечно за секој барател по апликација. Кластерските здруженија може да поденесат само едно барање од наведените активности од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување, мерка 1.

VI

Пријавите за доделување на средствата се разгледуваат во Министерството за економија, а одлука за доделување на средствата донесува Министерот, по што следува потпишување на Договор со корисникот на средствата.

Корисникот на доделените неповратни средства должен е да поднесе докази за наменско користење на средствата. Министерството за економија го задржува правото за следење на реализација на проектите, како и контрола на наменскот трошење на средствата. Пријавите се поднесуваат до 15.04.2017 година.

VII

Образецот Барање Кластер-2017 за пријавување на Јавниот повик и Изјавата за доделена државна помош на кластерот, поднесителите може да ги подигнат во Министерството за економија, ул: Јуриј Гагарин, бр.15 – Скопје, или на веб страната на Министерството : www.economy.gov.mk. и www.konkurentnost.mk.

VIII

Трошоците наменети за реализација на мерка 1 од дел II, област В. Поддршка и развој на кластерското здружување, ќе им бидат исплатени на кластерските здруженија во зависност од расположивите средства од Буџетот на Министерствтото за економија.

**МИНИСТЕР,**

**Driton Kuqi**

Изработил: д-р Николна Трајаноска
Одобрил: Блерим Златку
Согласен: Анета Димовска